# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за запишување деца во прво одделение во учебната 2024/25год.**
**во ООУ”Стив Наумов”- Скопје**

**Согласно член 60 од Законот за основно образование во прво одделение за учебната 2024/25г. се запишуваат деца родени 2018г. како и деца родени до 31.01.2019г. на барање од родителот/старателот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето. Училиштето ги опфаќа учениците од својот реон утврден од основачот (урбаните заедници Автокоманда, Ќерамидница, ул. “Благоја Стефковски” до број 15 и “Александар Македонски” до бр.28).**
**Доколку останат слободни места по завршување на уписот ќе бидат запишани и деца од друг реон.**

**<u>Потребни документи</u>**

- **Извод од матична книга на родените (фотокопија)**
- **Потврда за примени задолжителни вакцини за детето**
- **Потврда од стоматолог одговорен за нашето училиште (амбуланта Автокоманда)**
- **Потврда од офталмолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа**
- **За деца со попреченост потребно е да се достави мислење/функционален профил од комисијата за процена на деца и младинци според МКФ (Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје)**
- **Лична карта на родителот**

**Уписот започнува на 09.05.2024г. и ќе трае до 31.05.2024г. Закажување за упис на телефон 075 272 560 .**
**Потребната документација може да се достави на уписот со физичко присуство или предходно на електронската апликација https://uslugi.gov.mk/**

**Скопје, 04.04.2024г.** **директор**

**м-р Лилјана Стефановска**